**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ПОВРЗАНИ СО РЕГУЛАТИВАТА НА НАРОДНАТА БАНКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЛИКВИДНОСНИОТ РИЗИК

| **I** | **Тема** | **Договорна рочна структура** |
|---|---|---|
| 1. | Прашање | Дали треба различно да се прикажуваат хартиите од вредност со ист преостанат рок на достасување, но различен сметководствен третман? |
| | Одговор | Извештајот за договорната рочна структура се пополнува согласно со преостанатиот договорен рок на достасување на секоја одделна позиција. Тоа значи дека без разлика на нивниот сметководствен третман, односно дали се чуваат за тргување, дали се расположливи за продажба или се чуваат до достасување, хартиите од вредност се распоредуваат во одделните колони од Извештајот, во зависност од нивниот преостанат рок на достасување. Сметководствениот третман, односно класификацијата на хартиите од вредност има влијание врз износот што се вклучува во Извештајот. |
| | Датум на објавување на одговорот | 14.07.2009 |
| 2. | Прашање | По која вредност се прикажуваат побарувањата во Извештајот за договорната рочна структура? |
| | Одговор | Суштината на рочната структура е да ги прикаже одделните активни и пасивни позиции на банката според временскиот период и големината на приливот/одливот на парични средства којшто ќе настане врз основа на тие позиции. Имајќи ги предвид правилата дефинирани во точка 4 од Упатството за спроведување на Одлуката за управување со ликвидносниот ризик (во понатамошниот текст: Упатството), банката треба да ги прикажува одделните побарувања на следниов начин:<br>- кредитите, побарувањата врз основа на камати и провизии и другите слични побарувања се прикажуваат во бруто-износ, без да се земе предвид акумулираната амортизација, извршената исправка на вредноста и издвоената посебна резерва;<br>- побарувањата коишто се чуваат за тргување или се водат според објективната вредност преку билансот на успех, се прикажуваат според нивната објективна вредност;<br>- должничките хартии од вредност коишто се |

| | | |
|---|---|---|
| | | класифицирани како финансиски средства коишто се мерат по амортизираната набавна вредност, односно се чуваат до достасување и хартии од вредност коишто се класифицирани како финансиски средства коишто се мерат по објективната вредност преку останатата сеопфатна добивка (расположливи за продажба), се прикажуваат според нивната номинална вредност (износот којшто би го добила банката на датумот на достасување), согласно со нивниот преостанат договорен рок на достасување. |
| | Датум на објавување/ревидирање на одговорот | 14.07.2009/2.07.2019 |
| 3. | Прашање | Дали безусловно отповикливите рамковни кредити треба да бидат вклучени во извештаите за договорната рочна структура на активата и пасивата? |
| | Одговор | Извештаите за договорната рочна структура имаат за цел да ги вклучат сите активни и пасивни позиции согласно со нивниот преостанат договорен рок на достасување, без разлика на веројатноста за настанување приливи и одливи врз основа на тие позиции. Во извештаите за договорната рочна структура се исклучени само покриените вонбилансни позиции. Сите останати позиции се вклучуваат во извештаите за договорната рочна структура, без разлика на тоа дали одлуката за настанување на приливот/одливот зависи од банката или не. Истиот пристап е применет и кај активните и кај пасивните вонбилансни позиции. |
| | Датум на објавување на одговорот | 21.10.2011 |

| **II** | **Тема** | **Очекувана рочна структура** |
|---|---|---|
| 1. | Прашање | Кои критериуми треба да ги користи банката при распоредувањето на вонбилансните ставки коишто немаат договорна рочност во Извештајот за очекувана рочна структура? |
| | Одговор | Согласно со точката 28 од Одлуката за управување со ликвидносниот ризик (во понатамошниот текст: Одлуката), банката е должна да ја утврдува рочноста на побарувањата и обврските (билансни и вонбилансни) и преку утврдување и следење на нивната очекувана преостаната рочност. Банката го врши утврдувањето на очекуваната преостаната рочност врз основа на претпоставки за големината на паричните приливи и одливи, утврдени преку веројатноста за нивно настанување. Овој елемент - веројатноста за настанување на одреден паричен прилив или одлив, е клучен при изработката на |

| | | |
|---|---|---|
| | | извештаите за очекуваната рочна структура. Банката самостојно ги утврдува претпоставките, при што задолжително треба да бидат исполнети условите предвидени во точката 29 од Одлуката. Притоа, банката може да ги користи овие претпоставки единствено за распоредување на активните и пасивните позиции според нивната очекувана преостаната рочност. |
| | Датум на објавување на одговорот | 14.07.2009 |
| 2. | Прашање | Согласно со главата III од Упатството, банката ја утврдува очекуваната рочност на идните активности според оцената и претпоставката за големината на идните парични приливи и одливи во одделни временски периоди. Дали ова подразбира дека банката го зема предвид деловниот план при изготвувањето на очекуваната рочна структура? |
| | Одговор | Во Извештајот за очекуваната рочна структура, банката ги вклучува сите активности коишто се дел од билансната и вонбилансната евиденција на последниот ден од месецот за кој се однесува извештајот, како и сите идни активности коишто банката очекува дека ќе се остварат во иднина. Станува збор за активности, односно приливи и одливи, за кои банката со сигурност очекува дека ќе се случат во иднина, врз основа на однапред склучени договори, нејзиното искуство, деловниот план и стратегија и слично. |
| | Датум на објавување на одговорот | 14.07.2009 |
| 3. | Прашање | Каков треба да биде третманот на должничките хартии од вредност од портфолиото на банкарски активности класифицирани како финансиски средства коишто се мерат по објективната вредност преку останатата сеопфатна добивка во Извештајот за очекувана рочна структура? |
| | Одговор | При пополнувањето на Извештајот за очекуваната рочна структура на активата и пасивата, должничките хартии од вредност од портфолиото на банкарски активности коишто се мерат по објективната вредност преку останатата сеопфатна добивка банката: (1) не треба да ги прикаже, доколку планира да ги чува до достасување или да ги продаде по истекот на периодот на кој се однесува овој извештај, (2) треба да ги прикаже според нивната номинална вредност, доколку банката очекува дека ќе ги чува до достасување, при што нивниот рок на достасување е во периодот на кој се однесува извештајот или (3) треба да ја прикаже објективната вредност којашто планира да ја добие од нивната продажба, доколку очекува дека ќе ги продаде овие должнички хартии од вредност во текот на периодот на кој се однесува |

| | | |
|---|---|---|
| | | извештајот, но пред нивниот рок на достасување. |
| | Датум на објавување на одговорот | 2.07.2019 |

| **III** | **Тема** | **Пресметка на стапките на ликвидност до 30 и 180 дена** |
|---|---|---|
| 1. | Прашање | Кои инструменти се сметаат за средства кај Народната банка и должнички инструменти издадени од Народната банка? |
| | Одговор | Во оваа позиција влегуваат оние парични средства/инструменти кај/од Народната банка коишто, согласно со постојната подзаконска регулатива, можат слободно да се користат од страна на банките без никакво ограничување:<br>- делот од задолжителната резерва којшто банката може да го користи согласно со Одлуката за задолжителна резерва,<br>- благајничките записи издадени од Народната банка и<br>- било кој друг инструмент издаден од Народната банка како дел од оперативната рамка за спроведување на монетарната политика.<br>Средствата кај Народната банка и должничките инструменти издадени од Народната банка можат да се вклучат во утврдувањето на стапките на ликвидност до 30 и 180 дена, без разлика на нивната договорна рочност. Имајќи предвид дека рочноста не влијае врз износот којшто е вклучен во пресметката на стапките на ликвидност, целиот износ на средствата кај Народната банка и должничките инструменти издадени од Народната банка се вклучува и во утврдувањето на стапката на ликвидност до 30 дена и во утврдувањето на стапката на ликвидност до 180 дена. |
| | Датум на објавување на одговорот | 22.11.2012 |
| 2. | Прашање | Што се подразбира под терминот: „одобрени пречекорувања на трансакциски сметки и кредитни картички"? |
| | Одговор | Согласно со точките 36 и 37 од Одлуката, во утврдувањето на стапките на ликвидност се вклучуваат 15%, односно 20% од одобрените пречекорувања на трансакциски сметки и кредитни картички, при што се мисли на одобрените и неискористени пречекорувања на трансакциски сметки и кредитни картички. |
| | Датум на објавување на одговорот | 14.07.2009 |
| 3. | Прашање | Дали девизните депозити од странска банка, коишто служат за обезбедување на одобрени девизни кредити на нефинансиски лица (коишто се |

| | | |
|---|---|---|
| | | пролонгирани повеќе од еднаш и коишто не се вклучени на страната на активата во пресметката на стапките на ликвидност) и коишто се со ист рок на достасување како и кредитите (пократок од 30 дена), треба да се исклучат на страната на пасивата при пресметката на стапките на ликвидност? |
| | Одговор | Одредбите од точките 36 и 37 од Одлуката предвидуваат банката при пресметката на стапката на ликвидност до 30 и 180 дена да не ги вклучува изложеностите на кредитен ризик кон небанкарски финансиски институции и нефинансиски лица класифицирани во категориите на ризик „А“ и „Б“, чијшто рок на достасување е продолжен два или повеќе пати. Доколку овие изложености на кредитен ризик се обезбедени со депозити, банката, при пресметката на стапката на ликвидност до 30 и 180 дена, не треба да ги вклучи тие депозити на страната на пасивата, само доколку постои писмен документ (договор) со кој се потврдува намената на депозитот како средство за обезбедување на изложеноста на кредитен ризик, што значи дека депозитот може да биде повлечен само во случај на целосна отплата на кредитот од страна на клиентот (или да се искористи за негова наплата). Исто така, рокот на достасување на депозитот треба да биде еднаков или подолг од рокот на достасување назначен во договорот за изложеноста на кредитен ризик, а износот на депозитот да е еднаков или поголем од изложеноста на кредитен ризик. |
| | Датум на објавување/ревидирање на одговорот | 20.06.2011/02.02.2012 |
| 4. | Прашање | Дали при утврдувањето на стапките на ликвидност, преостанатиот рок на достасување на одделните позиции во наредните 30, односно 180 дена се утврдува за секој ден одделно, или се зема последниот ден од месецот за кој се известува? |
| | Одговор | Согласно со точка 41 од Одлуката, стапките на ликвидност се утврдуваат на крајот на секој месец како просек на дневните состојби на позициите коишто се вклучуваат во нивното утврдување, за секој работен ден во месецот. Оттука, за да може да го утврди вистинскиот износ на дневните состојби на позициите што се вклучуваат во утврдувањето на стапките на ликвидноста, банката е должна да го утврдува преостанатиот рок на достасување на секоја активна и пасивна позиција за секој работен ден. Како работен ден се смета секој ден од неделата во кој банката работи со своите клиенти, како резултат на што може да има промени во структурата на активните и пасивните позиции. |
| | Датум на објавување на | 14.07.2009 |

| | | |
|---|---|---|
| | одговорот | |
| 5. | Прашање | Дали при пресметката на стапките на ликвидност, треба да се вклучи и соодветниот дел од сметката 95 на која се евидентира терминскиот дел од девизните своп трансакции? |
| | Одговор | Имајќи предвид дека станува збор за деривативни инструменти (се евидентираат на соодветните сметки за деривативни инструменти), нивниот третман при пресметката на стапките на ликвидност е дефиниран во точките 36 и 37, потточка а), алинеја 8 од Одлуката според кои деривативите коишто се чуват за тргување, вградените деривати и деривативите коишто се чуваат за управување со ризикот не се вклучуваат при пресметката на стапките на ликвидност. |
| | Датум на објавување на одговорот | 26.08.2011 |
| 6. | Прашање | Каков треба да биде третманот на средствата на банката коишто се наоѓаат на сметката за резервен гарантен фонд на Клириншката куќа „Клириншки интербанкарски системи", односно дали треба да се вклучуваат при изготвувањето на извештаите пропишани со Упатството? |
| | Одговор | Согласно со членот 1 точка 4 од Правилата на резервниот гарантен фонд од 25.12.2017 година, намената на средствата на банката коишто се наоѓаат на сметката за резервен гарантен фонд на Клириншката куќа „Клириншки интербанкарски системи" АД Скопје (КИБС) е единствено за обезбедување на порамнувањето во платниот систем на КИБС во случај кога некој учесник на мало меѓубанкарско плаќање не може да ги намири обврските за покривање на неговата нето-изложеност. Имајќи предвид дека банката не може да располага слободно со овие средства, согласно со точката 36 став 2 и точката 37 став 2 од Одлуката, тие не треба да се вклучуваат при изготвувањето на извештаите пропишани со Упатството. |
| | Датум на објавување на одговорот | 18.05.2018 |
| 7. | Прашање | Каков треба да биде третманот на должничките хартии од вредност од портфолиото на банкарски активности класифицирани како финансиски средства коишто се мерат по објективната вредност преку останатата сеопфатна добивка при пресметка на стапките на ликвидност? |
| | Одговор | Прикажувањето на активните и пасивните позиции во Извештајот за стапките на ликвидност е пропишано во точката 25 потточка а) од Упатството, согласно со која, во колоната бр. 5 – „вложувања во хартии од вредност" се внесуваат соодветните ставки од извештајот за договорна рочна структура (образецот РСД – вкупно). Притоа, должничките хартии од |

| | | |
|---|---|---|
| | | вредност од портфолиото на банкарските активности коишто се мерат по објективната вредност преку останатата сеопфатна добивка и со кои банката може слободно да располага, се вклучуваат во утврдувањето на стапките на ликвидност до 30 и 180 дена, само доколку се исполнети условите од точката 36 потточка а) алинеи 6 и 7 и точката 37 потточка а) алинеи 6 и 7 од Одлуката. |
| | Датум на објавување на одговорот | 2.07.2019 |